Република Северна Македонија

Министерство за транспорт и врски

Сектор за уредување на просторот

22 Мај, 2023

Архивски број : 67 ~~1115~~ 1628/5

Предмет: Известување за јавен увид на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден**

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20), Министерството за транспорт и врски го става на увид на јавноста **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден**. Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 23.05.2023 до 06.06.2023 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт и врски „Плоштад Црвена Скопска општина" бр.4, 1000, Скопје како и на е-адресата:

- aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk
- vesna.markovska@mtc.gov.mk

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.

Со почит,
Раководител на Сектор за уредување на просторот:
Весна Андриевска, диа

Изработил: Александар Карангелов, диа

Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk